УЖ.бр.992/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ - Претседател на советот и судиите Светлана Костова и Мирјана Василевска - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Јавното претпријатие за комунална дејност „Охридски Комуналец“ од Охрид против пресудата на Управниот суд У-5.бр.842/2010 од 12.04.2012 година, за заштита на конкуренцијата, на седница на советот одржана на ден 04.10.2012 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Јавното претпријатие за комунална дејност „Охридски Комуналец“ од Охрид СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.842/2010 од 12.04.2012 година СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У-5.бр.842/2010 од 12.04.2012 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Јавното претпријатие за комунална дејност „Охридски Комуналец“ од Охрид против решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-4 од 19.07.2010 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и предлага Вишиот управен суд да ја уважи жалбата и да ја укине пресуда на Управниот суд.

Тужениот орган поднесе одговор на жалба во кој наведува дека Управниот суд правилно постапил кога донел пресуда со која ја одбил тужбата на тужителот како неоснована, бидејќи тужителот има доминантна позиција на пазарот за одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Охрид и истиот во периодот од 29.09.2009 година до денот на донесувањето на оспореното решение ја злоупотребувал оваа позиција на пазарот преку наплата на наменско осигурување од 40 денари со што го ограничувал пазарот на штета на потрошувачите и предлага да се одбие жалбата на тужителот и да се потврди пресудата на Управниот суд.

УЖ.бр.992/2012

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Со решение на Комисијата за заштита на конкуренција број 08-4 од 19.07.2010 година било утврдено дека Јавното претпријатие за комунална дејност „Охридски комуналец“ како единствено претпријатие кое на територијата на општина Охрид ја врши комуналната дејност од јавен интерес- одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги има доминантна позиција на пазарот и истото ја злоупотребило својата доминантна позиција на начин што наплатувал надомест за наменско осигурување и ги обврзува граѓаните кои плаќаат наменско осигурување од 40 денари да мораат да подигнуваат погребална опрема од ова претпријатие со што се ограничуваат пазарите на штета на потрошувачите.

Тужителот повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган.

Управниот суд со пресуда У-5.бр.842/2010 од 12.04.2012 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот, односно дека тужениот орган во една законита постапка донел правилно и на закон засновано решение.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 5 алинеја 7 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ број 4/2005, 70/2006 и 22/2007), „релевантен пазар“ е релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар. Според алинеја 9 од истиот член „релевантен географски пазар“ е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки или услуги, во која условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја.

Во членот 13 став 1 од истиот закон е предвидено дека едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид на стоки или услуги нема конкуренти на релевантниот пазар и во споредба со своите конкуренти има водечка позиција на релевантниот пазар, а особено со оглед на: пазарниот удел и позиција, финансиската моќ, пристапот до изворите на набавка или на пазарот, поврзаноста со други претпријатија, правните и фактичките пречки за влез на други претпријатија на пазарот, способноста за диктирање на пазарните услови

со оглед на неговата понуда или побарувачка и способноста за искпучување на другите конкуренти од пазарот со насочување кон други претпријатија.

Според член 14 став 1 од истиот закон, забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантиот пазар или негов суштински дел. Согласно став 2 точка 2 од истиот член злоупотребата од ставот 1 на овој член особено постои во случај на ограничување на производството, пазарите и техничкиот развој.

Во конретниот случај тужителот со одлука за комунален ред на општина Охрид од 26.02.1998 година бил овластен да врши одржување на гробишта и давање на погребални услуги. Согласно измените во законската регулатива со донесувањето на Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 85/2008), кои предвидуваат дека вршењето на дејноста управување со гробишта и вршењето на дејноста погребални услуги се неспоиви, тужителот отпочнал со постапка за статусни промени, односно поделба на Јавното претпријатие на 4 претпријатија. Постапката за статусни промени кај тужителот не била завршена во времето на водењето на управната постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и истиот немал обезбедено дозвола за управување со гробишта и дозвола за вршење на погребални услуги, а стопанисувал со градските гробишта согласно актите на општина Охрид.

Се до 29.09.2009 година тужителот им давал можност на граѓаните врз доброволна основа да плаќаат надомест од 40 денари кој бил вклучен во месечните сметки за надомест за извршена комунална услуга врз основа на што во случај на смрт на член на потесното семејство граѓаните бесплатно можеле да подигнат погребална опрема. Во случај истите да не ја подигнат погребалната опрема, а редовно го плаќале надоместот за наменско осигурување, тужителот им исплаќал износ од 2.500,00 денари на име на обештетување за неподигната погребална опрема.

На наведениот датум тужителот до граѓаните на општина Охрид доставил известување во кое покрај другото стоело дека доколку не се подигне погребалната опрема во моментот на смртта, односно доколку погребалната опрема се подигне од приватни оператори, граѓаните го губат правото на бесплатна погребална опрема, како и можноста за компензација односно финансиска надомест. По ова известување имало само еден случај на рефундирање на средства кое делумно било одобрено од Управниот одбор на тужителот, при што на барателот не му биле исплатени парични средства, туку износот бил одбиен од сметките за ѓубретарина.

На 11.03.2010 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата било доставено барање за поведување на постапка од страна ДООЕЛ „МИРЕН СОН“ од Охрид, против тужителот со кое било барано да се утврди дека тужителот ја злоупотребил својата доминантна позиција на начин што на граѓаните корисници

на комунални услуги им наплатува 40,00 денари заедно со сметката за ѓубретарина на име наменско осигурување и ги условува да подигнуваат погребална опрема исклучиво од тужителот со што им нанесувал штета на конкурентските можности на другите учесници на релевантиот пазар.

Постапувајќи по барањето на ДООЕЛ „МИРЕН СОН“ од Охрид, против тужителот за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот за одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Охрид, Комисијата за заштита на конуренција донела Решение број 08-4 од 19.07.2010 година со кое утврдила дека Јавното претпријатие за комунална дејност „Охридски комуналец“ од Охрид има доминантна позиција на релевантниот пазар и дека ја злоупотребува својата доминантна позиција на начин што наплатува надомест за наменско осигурување од 40,00 денари и ги обврзува граѓаните кои плаќаат наменско осигурување да подигнуваат погребална опрема исклучиво од ЈП „Охридски комуналец“ Охрид со што ги ограничува пазарите на штета на потрошувачите.

Тужителот повел управен спор против наведеното решение пред Управниот суд кој со пресуда У-5.бр.842/2010 од 12.04.2012 година, ја одбил тужбата како неоснована наведувајќи дека тужениот орган правилно постапил кога со оспореното решение утврдил дека тужителот сторил злоупотреба на својата доминантна позиција на пазарот за одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги преку наплатата на наменското осигурување и обврзување на граѓаните кои плаќаат вакво осигурување да мораат да подигнуваат погребална опрема од тужителот, а во спротивно ја губат можноста за компензација. Управниот суд во својата пресуда констатирал дека со наведеното дејствие тужителот вршел ограничување на конкурентските можности на другите правни и физички лица кои вршат продажба на погребална опрема, што преставува ограничување на пазарот на штета на потрошувачите.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита, односно дека Управниот суд правилно заклучил дека со оспореното решение на тужениот орган не бил повреден законот на штета на тужителот. Имајќи ја во предвид целта на Законот за заштита на конкуренција од член 2 од овој закон, а тое е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите, по мислење на овој суд, тужениот орган правилно заклучил, а Управниот суд правилно прифатил дека постои злоупотреба на доминантната позиција на тужителот на релевантниот пазар според одредбата од член 14 став 2 точка 2 од истиот закон почнувајќи од 29.09.2009 година до донесувањето на оспореното решение.

Имено, условувањето на граѓаните кои плаќаат наменско осигурување да мораат да ја подигнуваат погребалната опрема од тужителот и ограничувањето на можноста за компензација на средствата доколку се одлучат да подигнат погребална опрема кај друг оператор, во услови кога тужителот согласно член 13

од Законот за заштита на конкуренцијата има доминантна позиција на пазарот за одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Охрид, претставува дејствие со кое се ограничува пазарот на штета на потрошувачите, односно се врши злоупотреба на доминантната позиција на релевантиот пазар што е забрането согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

Судот ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека осигурувањето не е задолжително, туку е слободна волја на корисниците на комуналните услуги, дека граѓанинот слободно одлучува каде ќе ја подигне погребалната опрема, дека тужителот не е единствен кој може на пазарот да понуди ископ, закоп и превоз на починат, туку дека во Охрид постојат уште 2 оператори за погребални услуги кои непречено ја вршат својата дејност, дека согласно Законот за гробишта и погребални услуги се оформиле нови претпријатија за управување со гробишта и претпријатие за погребални услуги, па во оваа смисла со неутврдување на овие факти од страна на Управниот суд се направени повеќе повреди на процесниот и материјалниот закон. Овој суд смета дека овие наводи се неосновани од причини наведени во образложението на оваа пресуда.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Вишиот управен суд на ден 04.10.2012 година под УЖ.бр.992/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначковиќ с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА